Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 39//0306
10.03 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.02.2025 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Во центарот на Скопје почна да се гради најголемата џамија на Балканот“**, објавен на 10.02.2025 година во онлајн медиумот **„Вестимак.ком“ (vestimak.mk),** отстапува од етичките и професионалните стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Ковачевска до Извршната канцеларија на СЕММ, на 18.02.2025 г. упати жалба за онлајн медиумот „Вестимак.ком“ (vestimak.mk), за текстот со наслов „Во центарот на Скопје почна да се гради најголемата џамија на Балканот“, објавен на 10.02.2025 година.

Притоа, како основи за жалбата, Ковачевска навела неточно и нефер известување, а како последица и разгорување на  говор на омраза и дискриминација во коментарите на Фејсбук на овој онлајн медиум, но и на други кои го презеле текстот.

Жалителката во описнот дел на основата за жалбата навела: „Насловот вели дека во центарот на Скопје се гради најголемата џамија на Балканот, но веднаш подолу во текстот стои во срцето на Скопје-Чаир. Ваквиот наслов е сензационалистички и неточен, бидејќи не се гради во центарот на Скопје, но насловот како таков предизвика коментари со говор на омраза особено на Фејсбук каде нема модерирање од страна на порталот“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот  стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не/беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби изрази мислење дека жалбата за текстот со наслов „Во центарот на Скопје почна да се гради најголемата џамија на Балканот“, објавен на 10.02.2025 година на онлајн медиумот „Вестимак.мк“ е основана, при што се прекршени членот 1 и членот 4 од Кодексот на новинари на Македонија, како и членот 20 од Насоките за етичко информирање во онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата и утврди дека има извесен степен на јавен интерес, односно дека станува збор за изградба на голем верски објект во главниот град на Македонија, но и дека изградбата не е од сега, туку трае со години.

Текстот по својата форма е жанровски измешана информација во која медиумот нафрла неколку податоци како факти, а потоа проблематизира повеќе прашања како што се влијание на странски инвестиции врз културолошки и верски состојби во земјата, како и проблематичност од урбанистички аспект, во смисла дали локацијата е погодна и дали на граѓаните им треба таков објект.

Комисијата констатираше дека насловот е несоодветен на содржината на текстот и дека не одговора на фактите, бидејќи објектот не се гради во центарот на Скопје, туку во Општина Чаир, поради што е утврдено нарушување на одредбите од членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата воедно утврди дека во текстот на медиумот не е наведен ниту еден извор, а се изнесуваат податоци кои треба да претставуваат факти, што е етички неприфатливо. Имено, според етичките и професионалните стандарди медиумот секогаш треба да го објави изворот врз кој се базира текстот, освен доколку од оправдани причини изворот не бара да биде анонимен. Покрај тоа, воопштените термини како „многумина“ (се прашуваат), се неприфатливи доколку медиумот не настојува макар малку поблиску да ги лоцира изворите, како на пример „граѓаните со кои разговаравме“, „експертската јавност“ која може да ја посочи со линкови со изјави дали за конкретниот или за други медиуми. Од тука, Комисијата утврди дека медиумот направил и прекршување и на членот 4 од Кодексот кој се однесува на изворите на новинарската работа.

Комисијата констатираше дека текстот е објавен и на социјалните мрежи, каде што поттикнал многу коментари со несоодветен дискриминациски говор или говор на омраза по различни основи. Поради тоа, Комисијата утврди дека медиумот не ги почитувал ниту Насоките за етичко известување во онлајн медиумите кои упатуваат на одговорност на медиумот за коментарите, а што е регулирано со членовите 20.1 и 20.2. од Насоките.

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 4**

Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

**Член 20.1 (Од Насоките)**

Онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Член 20.2 (Од Насоките)**

Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595